РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-179/1
12-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 26-та седница одржана на 30.12.2025 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-2101/1 од 07.08.2025 година, оформен по доставена пријава за состојби на корупција, судир на интереси и системска злоупотреба на службена положба во постапка за избор на директор на ООУ “----” – ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот. За предметниот случај е постапено од страна на друг надлежен орган.

Предметот со бр. 12-2101/1 од 07.08.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 07.08.2025 година, поднесена е пријава, како и нејзини дополни на ден 08.08.2025 и 25.08.2025 година, за состојби на корупција, судир на интереси и системска злоупотреба на службена положба во постапка за избор на директор на ООУ “----” – ---- и оформен е предмет бр. 12-2101/1 од 07.08.2025 година.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Подносителот во пријавата навел дека постоеле состојби на корупција, судир на интереси и системска злоупотреба на службена положба во постапка за избор на директор на ООУ "----" – ----, Скопје. Имено, подносителот на пријавата навел дека в.д директорот на училиштето ----, заедно со други инволвирани лица, се обидувала да издејствува незаконски и наместен избор на директор. Притоа, во пријавата е наведено дека во врска со дејствието коешто е предмет на конкретната пријава е доставено барање за постапување до Државниот просветен инспекторат (понатаму: ДПИ).

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави Барање за доставување на податоци и информации бр. 12-2101/2 од 25.08.2025 година до ДПИ.
ДПИ со допис – Известување бр. ---- од 16.09.2025 година, ја извести ДКСК дека до нив е доставена Иницијатива од лицето ---- (истиот подносител како на пријавата доставена до ДКСК), во својство на претседател на Училишниот одбор во ООУ „----" Општина ----во Скопје, за вршење на вонреден инспекциски надзор во наведеното училиште, заведена под Ип1бр. ---- од 04.08.2025 година. Во поднесокот биле изнесени наводи за повреда на одредбите од Законот за основното образование и Статутот на училиштето, во однос на спроведување на постапката за избор на директор, во делот на вршење на интервју со кандидатите, кои ги исполнуваат условите за избор на директор на училиштето, од страна на Училишниот одбор и претставникот номиниран од Биро за развој на образованието.
На ден 04.09.2025 година и на ден 05.09.2025 година, во ООУ „----" Општина ----, од страна на ДПИ, бил извршен вонреден инспекциски надзор за што е составен Записник Ип 1 бр. ---- од 09.09.2025 година, во кој биле констатирани следните неправилности:
Училишниот одбор на седница одржана на 24.06.2025 година, донел Одлука бр. ---- од 30.06.2025 година за објавување на Јавен оглас за избор на директор, но

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

училиштето не поседувало Покана за седница на Училишниот одбор, ниту Записник за одржаната седница.

До членовите на Училишниот одбор и до номинираното лице од Бирото за развој на образованието била доставена Покана бр. ---- од 31.07.2025 година, за спроведување на интервју со кандидатите за директор, на ден 01.08.2025 година со почеток во 11 часот. Поканата била изготвена, потпишана и испратена од заменик претседателот на Училишниот одбор, што било спротивно на законската регулатива. Временскиот период на доставувањето на поканата и спроведувањето на интервјуто на кандидатите за директор на училиштето било извршено во многу краток период (помалку од 24 часа), а тоа се должело на неуредното работење на Органот на управување со донесен акт – Деловник за работа. За време на надзорот бил побаран на увид Деловник за работа на Училишниот одбор, но истиот училиштето не го приложило, што значело дека Училишниот одбор работел без Деловник за работа.

Интервјуто било организирано и спроведено од страна на заменик претседателот на Училишниот одбор, што било спротивно на член 106 став 6 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019, 229/2020, 3/2025 и 74/2025) (понатаму: Законот) и член 39 од Статутот на училиштето.

Дополнително, дописите со кои се враќале документите на кандидатите биле потпишани од страна на заменик претседателот на Училишниот одбор, што било спротивно на законската регулатива. Исто така, училиштето не приложило доказ за тоа дека имале доставено Известувања согласно член 115 став 16 од Законот на кандидатите кои не биле избрани по јавниот оглас.

Односно, свикување на седници и донесување на акти од страна на заменик претседател на Училишен одбор било спротивно на член 106 став 6 од Законот, бидејќи истиот не предвидувал функција заменик претседател на Училишен одбор, и како последица на истото е доведена во прашање легитимноста на актите на Училишниот одбор.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државните просветни инспектори, за констатираните неправилности, согласно член 31 став 2 од Законот за просветната инспекција, донеле Решение за отстранување на истите, кое ќе биде доставено до основачот на училиштето, односно Градоначалникот на Општина ---- со цел понатамошно негово постапување согласно неговите надлежности, а согласно член 166 од Законот, ќе го извести и Министерството за образование и наука.
Постапувајќи по решението на ДПИ, Градоначалникот на Општина ---- донел Решение, заведено под арх. бр. ---- од 22.09.2025 година, со кое се поништува Решението бр. ---- од 04.08.2025 година, за именување на директор на ООУ "----", по што било донесено Решение број ---- од 23.09.2025 година за именување на вршител на должност директор со кое било именувано лицето ----.

Од увидот во горенаведениот допис, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот, бидејќи за предметниот случај, постапил друг надлежен орган – Градоначалник на Општина ---- и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата